# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 2 година XXX

Јуни 2017 г.



Сцена од мултимедијалниот перформанс “Бакнати од сонцето”

## СОДРЖИНА


2 страна
***Прва светска конференција за поддржано вработување во Белфаст***

3 страна
***Успешна реализација на циклусот обуки во рамки на проектот DLoT***

4 и 5 страна
***Мултимедијален перформанс "Бакнати од сонцето"***

6 страна
***Активности во рамките на проектот "Рана инклузија преку взаемно учење"***

7 страна
***Голем хуманитарен концерт Teenage Riot***

8, 9, и 10 страна
***Мадридска декларација на ЕДФ***

12 страна
***Обука за работно - ориентирана рехабилитација на УНДП***

13, 14 и 15 страна
***Активности на сервисните служби и локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА***

16 страна
***Наша страница***
***Кулинарска работилница со Марк Де Јонг***



***"ПОРАКА"***
*Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА*
**Гласилото излегува секои 3 месеци**

***Главен и одговорен уредник:***
**Виолета Димоска**

***Уредувачки одбор:***
**Василка Димоска**
**Владо Крстовски**
**Маја Гацоска**

***Печати:***
*Дата Понс, Скопје*
Тираж 1.000 примероци
**Јуни 2017 г. Број 2, год. XXX**



Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
"Орце Николов" бр. 122, 1000 Скопје;
тел.: 329 69 61; факс: 329 69 60
E-mail: **poraka@t-home.mk**
Web: **www.poraka.org.mk**



**Според Министерството за култура на РМ, со одлука 07-2613/2, за гласилото ПОРАКА се плаќа повластена даночна стапка од 5%.**



***Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.***


# Прва Светска Конференција "Вработување за сите – глобална перспектива"

# 650 учесници се обврзаа за целосна инклузија на лицата со попреченост на отворениот пазар на трудот

**Конференцијата "Вработување за сите – глобална перспектива" се одржа во Белфаст во јуни 2017 година со учесници од сите краеви на светот, кои се обврзаа да сторат нешто повеќе за целосна инклузија на лицата со попреченост на пазарот на трудот.**

„Вработување за сите – глобална перспектива", првата светска конференција за поддршка на вработувањето се одржа од 14-ти до 16-то јуни 2017 година во Белфаст и претставува првата глобална конференција која се однесуваше исклучиво на вработување на лицата со попреченост.

Конференцијата се фокусираше на фактот дека вработувањето е апсолутно клучно не само како средство за преживување, туку и во борбата од исклучување и изолација од општеството. Презентерите и говорниците ја истакнаа важноста на вработувањето во градењето на идентитетот на лицето, без разлика дали е со попреченост или не. Тие, исто така, ја нотираа и улогата на работата во изградбата на социјален круг и дадоа забелешка дека „работата е основа за уживање и придонес во општеството".

Конференцијата, на која имаше над 60 работилници и 20 клучни говорници и панелисти, овозможи сите заинтересирани чинители да го изразат своите ставови: лица со попреченост, креатори на политики, обезбедувачи на сервисни служби и работодавачи.

Конференцијата опфати и две церемонии: лансирањето на Светската асоцијација на поддржано вработување беше одбележано со прием во зградите на Парламентот на Северна Ирска и завршната церемонија на наградата вработување за сите се одржа за време на конференциската гала вечера во Центарот Титаник, обележје на Белфаст. Светската асоцијација на поддржано вработување започнува со Маргарет Хадок како нов претседател, додека Европската асоцијација за поддржано вработување (ЕУСЕ) го избра Лук Хенау на позицијата претседател.

За време на конференцијата се потпиша договор за соработка меѓу Европската мрежа на јавни сервисни служби за вработување, ЕАСПД и ЕУСЕ. Овој договор за соработка ја одразува значајната заложба од јавните сервисни служби за вработување да работат кон инклузија на лицата со попреченост на пазарот на трудот.

Конференцијата заврши со тоа што говорниците и учесниците се обврзаа да делуваат во насока на целосен инклузивен пазар на трудот и целосна имплементација на членот 27 од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост. Учесниците забележаа дека оваа цел не само што ќе ја промовира социјалната инклузија туку и ќе го унапреди економскиот раст.

Г-дин Џејмс Кроу, претседател на ЕАСПД истакна: „*Оваа конференција потврди дека инклузивното вработување е позитивна, паметна бизнис одлука. Ќе делуваме во насока на спојување на сите чинители со цел имплементирање на целосната инклузија на лицата со попреченост на отворениот пазар на трудот*". Г-ѓа Маргарет Хадок верува дека „*оваа конференција покажа дека учесниците од секаде низ светот се посветени на членот 27 од Конвенцијата на ОН; веруваме дека ова претставува важен чекор на патот за целосна инклузија на лицата со попреченост на отворениот пазар на трудот*".

Конференцијата заврши со известување за следната Светска конференција за поддржано вработување, која ќе се одржи во Канада, 2021 година. ЕАСПД својата следна конференција ќе ја одржи во Црна Гора од 25-ти до 27-ми октомври 2017 година, а ЕУСЕ ќе одржи конференција во Амстердам во 2019 година.

## Активности на ЦПЛИП - ПОРАКА Скопје и РЦПЛИП - ПОРАКА

# Успешна реализација на циклусот обуки во рамките на проектот “Disability Leaders of Tomorrow!”

Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Скопје, во соработка со Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА, во изминатитот период одржа пет работилници во циклусот на обуки во рамките на меѓународниот проект „Disability Leaders of Tomorrow” на ЕАСПД – Европска асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост. Проектот има за цел јакнење на капацитетите на обезбедувачите на сервисни служби за лица со попреченост во промовирањето и координирањето на реални и одржливи промени во обезбедувањето на сервисни служби во 15 земји од Југоисточна Европа.

Во Македонија, во циклусот на обуки учествуваа кандидати од 15 различни организации – обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост, кои поминаа низ интензивен процес на обука со цел да се стекнат со соодветни знаења и искуства за новините, предизвиците и можностите за унапредување на состојбите во целокупниот процес на обезбедување на сервисни служби за поддршка на лица со попреченост.

Секоја од петте работилници беше посветена на посебен модул од онлајн курсевите:

- Модул 1 „Човекови права и сервисни служби за лица со попреченост: Конвенцијата на Обединети нации за правата на лица со попреченост и Европскиот правен контекст”
- Модул 2 „Развој на социјалните сервисни служби и социјалните политики во Европа”
- Модул 3 „Планирање на инклузивни заедници”
- Модул 4 „Развивање на квалитетни сервисни служби за попреченост”
- Модул 5 „Кон персонализирани сервисни служби за лица со попреченост”

Во интерактивна атмосфера на работилниците, покрај новите сознанија, кандидатите имаа можност да дискутираат и да ги споделуваат своите искуства, како и заеднички да подготват задачи – есеи за секој од модулите. Исто така, секој од кандидатите полагаше уште дополнителни пет, односно вкупно десет модули на онлајн платформата www.dlot.eu.

На 30.05.2017, година во хотел Континентал – Скопје, беше одржан Финалниот настан во циклусот на обуки во рамките на проектот. Целта на финалниот настан беше да се презентираат стекнатите знаења и подготвените колективни задачи во рамките на модулите за учење, како и да се иницира дискусија за потребата од подобра соработка и вмрежување на обезбедувачите на сервисните служби во Македонија.

Циклусот на обуки во Македонија го спроведоа Др. Василка Димоска од РЦПЛИП – ПОРАКА (ментор во првата фаза на обука) и Владо Крстовски од ЦПЛИП – ПОРАКА Скопје (кандидат во првата фаза и ментор во втората фаза на обука).

Проектот „Disability Leaders of Tomorrow” е имплементиран од страна на ЕАСПД – Европска асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост, а РЦПЛИП – ПОРАКА е партенрска организација во Македонија. Повеќе информации се достапни на www.easpd.eu, www.dlot.eu и www.poraka.org.mk.



Преземен текст од www.teatarce.mk, пишува Сотир Трајков

# Лица со посебни потреби беа „Бакнати од сонцето"

**Кон премиерата на претставата „ Бакнати од сонцето", во продукција на театарот „Пи" и Дневните центри за лица со интелектуална попреченост „Порака" од Скопје.**

## Лица со посебни потреби играат како професионални актери




Театарската игра и музиката се дел од изразните средства во оваа мултимедијална претстава, кои учесниците ги совладаа, за да го прикажат својот поглед на светот и тоа што го чувствуваат.

„ Сакам да глумам, да снимам филм, да ме гледаат на телевизија ". Наизглед, ова е желба на секоја личност која сака да се реализира на уметнички план и да стекне публицитет. Но кога желбата е искажана од млад човек како Никола Огненовски, корисник на Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост „Порака", тогаш тоа не е обична, но не е и неостварлива желба . Во претставата со слики и приказни од секојдневниот живот, „ Бакнати од сонцето", во една романтична сцена Никола Огненовски игра танго со, Катерина Ѓуроска, која исто така го посетува Дневниот центар „Порака". Таа вели дека го сака танцот.

– Сакам да танцувам и затоа сум дел од оваа група, вели малечката Ѓуроска.

А, во групата се 15-тина, во најголем број помлади учесници во претставата „ Бакнати од сонцето ". Таа е трет по ред заеднички проект на независниот театар „Пи" и Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост. Целта е велат од театарот „Пи", формиран од актерите и брачен пар, Златко Митрески и Македонка Илиевска, на лицата со посебни потреби да им се даде можност да се изразат на уметнички план, по примерот на специјализираните театри во Скандинавија.

– Во Македонија , воопшто не се работи ангажиран театар од ваков тип, дали било со социјални случаи или со лица со интелектуална попреченост, какви што се овие лица, овде. Тоа е нешто што не е давање шанса, туку нешто што е нормално за секоја индивидуа која што сака да се изрази на некаков начин во уметноста, без разлика дали е театар или музика, вели актерот Златко Митревски.

Театарската игра и музиката се само дел од изразните средства во оваа мултимедијална претстава , кои учесниците ги совладаа, за да го прикажат својот поглед на светот и тоа што го чувствуваат. Даваа идеи и ја користеа сопствената имагинација за драмскиот



## Преземен текст од www.teatarce.mk, пишува Сотир Трајков





материјал што го собираа и заеднички со менторите, Митрески и Илиевска, го склопија. Корисниците од „Порака", со менторите работеа на повеќе актерски техники. Меѓу нив, оние од Мејерхолд, Станиславски и од други театарски иноватори и режисери. Техниките беа прилагодени на нивната психо-физичка состојба. На сцената во Мала станица, сознанијата од работилниците ги преточија низ говорење текст, поезија, нивни лични доживувања за светот, но настапија и со кореографии од Валентино Апостоловски и други одиграни дејствија пред камера, прикажани на видео. Велат дека им е убаво да бидат актери и да ги покажат своите уметнички склоности.

– Говорот на текстот ми е најубав. Кога го читам текстот, тоа ми е најдобро, вели Лара Бошковиќ, корисничка на Дневниот центар „Порака". Јулија Павлова, која исто така учествува во претставата, а главна е во сцената со дрвото, вели:

– Најпривлечно ми е танцувањето, играта и рецитирањето.

„Бакнати од сонцето" е направена како колаж. Низ сцените актерите го истражуваат меѓусебниот однос, односот со просторот и со публиката. Од првата сцена со заедничко читање текст, преку таа во автобус со видео, па сцените во кои се доловени убавината на природата и злото кое владее во светот, до секојдневните активности во Дневниот центар „Порака", заедничкото споделување на улица на списанието што го издава центарот и последната сцена која ја слави љубовта како космички подарок за човештвото, овие актери покажаа ентузијазам и волја во доближувањето до професионалните театарски стандарди и критериуми за работа и докажаа дека имаат концентрација и меморија за секоја поставена задача. Но, она што најмногу восхитува е топлината и меѓусебната поддршка што ја манифестираат меѓу себе во текот на изведбата. Се разбира , за поздравување е и влогот на Златко Митрески и на Македонка Илиевска од театарот „Пи", кои од 2012 соработуваат со двата Дневни центри за лица со интелектуална попреченост „Порака" во Скопје. Без нивниот ангажман „Бакнати од сонцето" немаше да биде направена, како и двете претходни претстави, „Малиот принц", во 2013 и „Сонце во мојата уста", во 2014, реализирани со лицата со интелектуална попреченост.

Исто така, мора да се нагласи дека со овој вид социјален ангажман, независниот театар „Пи", отвора нова страница во нашиот театарски простор, промовирајќи специјализиран театар за лица со посебни потреби.

За тоа им симнувам капа и им посакувам уште многу заеднички успешни проекти !

*Сотир Трајков*



## Учество на РЦПЛИП - ПОРАКА во меѓународни проекти

# Активности во рамките на европскиот проект „Рана инклузија преку взаемно учење”

## Одржани два информативни настани за мултипликација во Скопје

Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА во изминатиот период продолжи со предвидените активности како една од партнерските организации во конзорциумот од 10 партнери во европскиот проект „Рана инклузија преку взаемно учење”, кој е поддржан од ERASMUS+ програмата на Европската унија. Проектот се фокусира на зголемено знаење и споделени методи за работа и инклузија на деца од предучилишна возраст кои имаат попреченост или се во ризик да стекнат попреченост, а има за цел да пренесе информации, конкретни методологии и процена на компетенции.

Во директна комуникација со конзорциумот предводен од австриската организација Sinn-Evaluation, тимот на РЦПЛИП – ПОРАКА работеше на унапредувањето на алатките кои се овозможени со овој проект. Активностите се однесуваа на адаптација и средување на онлајн платформата www.early-inclusion.eu наменета за размена на искуства меѓу професионалците и се поставуваа позитивни искуства и практики од работата со лица со интелектуална попреченост. Поточно се работеше на унапредување на алатката „Пазар за методи на инклузија” што претставува самоорганизирана методолошка онлајн размена на искуства. Исто така, беа преземени голем број активности од технички карактер, пред се за превод и адаптација на информативни материјали.

Во согласност со предвидените проектни цели и активности, на 26 април и на 5 мај 2017 година во хотел Карпош – Скопје, РЦПЛИП – ПОРАКА одржа два информативни настани за мултипликација, односно за претставување на онлајн платформата www.early-inclusion.eu и алатките за учење кои се разработени од проектните партнери. На двата настани учествуваа 45 воспитувачки од детските градинки кои функционираат во рамките на општините Карпош и Центар, како и претставници и одговорни лица од двете скопски општини.




Со процесот на инклузија, во детските градинки се вклучуваат деца со попреченост без да се направат неопходните подготовки и едуцирање на кадарот, што во голем број на случаи доведува до контрапродуктивни ефекти поради неможноста на кадарот во градинките да се справат со предизвиците кои инклузијата ги носи со себе. Од тие причини, проектните активностите беа насочени токму кон воспитувачкиот кадар од детските градинки, со цел да се понудат информации, протоколи и информативни пакети за различни дијагнози и состојби, како и конкретни методи за работа и вклучување на децата со попреченост во секојдневните активности во групите и градинките.

На наше големо задоволство, учесниците на настаните отворија дискусија за многу важни и суштински прашања, а понудените информации и методи преку онлајн платформата ги оценија како корисни и употребливи во нивната работа. Двата настани завршија со договор за понатамошна директна комуникација, соработка и консултации во насока на подобрување на инклузијата на деца со попреченост во воспитно-образовниот процес.





**Во рамки на програмата „Црвен крст во акција - промоција на хумани вредности".**

## Во организација на учениците од меѓународното училиште „Нова"

# Одржан голем хуманитарен концерт "Teenage Riot"

Македонските бендови „Ареа", „ПМГ колектив", „Фанк шуи", „Кара" и „Линколн летер" на 12 април 2017 година настапија на хуманитарниот концерт Teenage Riot кој се одржа во Младинскиот културен центар во Скопје. Парите собрани од продажбата на влезници беа наменети за Центарот на поддршка на лица со интелектуална попреченост „Порака" - Скопје. Концертот беше во организација на средношколците од меѓународното училиште „Нова" и е во рамки на програмата „Црвен крст во акција - промоција на хумани вредности".

Станува збор за национална програма која се имплементира во сите општински организации на Црвениот крст и на годишно ниво обучува околу 1200 младинци, потенцијални волонтери во организацијата и 40 десиминатори кои работат со младинците. Како дел од неа, младите добиваат обука за вредностите на Црвениот крст, учат за културата како систем од вредности, за културата на дијалог како основен предуслов за градење на интеркултурно општество. Воедно добиваат и практични знаења како да изработуваат мали проекти за доброто на заедницата во која што живеат, проекти преку кои помагаат на ранливото население. На годишно ниво се изработуваат од 150 до 200 мали проекти преку кои им се помага на околу 3000 лица во нашата земја, на некои краткорочно додека за некои помошта е долгорочна.

Имплементацијата на програмата „Црвен крст во акција - промоција на хумани вредности" (ЦКА-ПХВ) оваа година е овозможена со поддршка на Меѓународната федерација на Црвениот крст и Црвена полумесечина. Се прави во соработка со учениците од „Нова" кои веќе реализираа повеќе проекти за помош на заедницата со цел да се помогне на одредени социјално загрозени или маргинализирани групи во општеството. Насловот на концертот произлегува од песна на култниот американски бенд „Соник јут", а бендовите кои настапија се едни од најактивните на домашната сцена.



Скопскиот бенд „Фанк шуи" на концертот настапи заедно со корисници на дневните центри на ЦПЛИП - ПОРАКА Скопје. На настапот му претходеа проби во просториите на дневните центри, а публиката на концертот може да посведочи за прекрасната енергија и неповторливите емоции кои ги примија од лицата со интелектуална попреченост.






## По повод 20-годишнината на Европскиот форум за попреченост

# ОБНОВЕНАТА МАДРИДСКА ДЕКЛАРАЦИЈА
## Усвоена на Генералното собрание на ЕДФ, 13-ти мај 2017 година

## „Ништо за нас без нас – попреченоста да биде видлива насекаде”
## „Инклузивната и пристапна Европа која ние ја сакаме”

Оваа година Европскиот форум за попреченост (ЕДФ) ја одбележува својата 20-годишнина. Делегатите на Генералното собрание на ЕДФ се состанаа во Мадрид на 13 мај 2017 година, претставувајќи го европското движење за попреченост, и ја усвоија оваа Декларација која ја поставува нашата визија и план за акција за имплементирање на правата на лицата со попреченост во следните години.

Во рамки на одбележувањето на 60-годишнината од Договорот во Рим, ЕДФ ги повикува лидерите на европските институции и на државите членки да ја обноват нивната заложба за визијата за Европа која ги промовира, заштитува и обезбедува граѓанските, политичките, социјалните, културните и економските права за сите, го обезбедува демократско учество на граѓанското општество во процесите на донесување одлуки и ги гледа лицата со попреченост и нивните семејства како составен дел од одржливо и просперитетно европско општество.

Оваа изјава се надоградува на Мадридската декларација на ЕДФ „недискриминација плус позитивна акција резултира во социјална инклузија” од 2002 година и на Декларацијата од Самитот во Рим, усвоена претходно оваа година пред 60-годишнината од основањето на Европската унија. Со неа се обновува нашата обврска за Европа каде сите лица со попреченост ги уживаат сите човекови права и основни слободи.




**Преамбула**

Потсетувајќи дека ЕДФ беше основан пред 20 години за да се обезбеди дека одлуките на европско ниво кои се однесуваат на лицата со попреченост и нивните семејства се донесуваат со и од лица со попреченост и нивните организации;

Потсетувајќи дека ЕДФ е сега европско движење со членство низ цела ЕУ и пошироко;

Потсетувајќи дека веќе во 1997 година, попреченоста се појави во Договорот од Амстердам, создавајќи ја првата правна основа за ЕУ законодавството да може да ги штити правата на лицата со попреченост од дискриминација;

Потсетувајќи дека денес има 80 милиони лица со попреченост во ЕУ;

Сфаќајќи дека меѓу лицата со попреченост, најисклучени групи се, меѓу останатите, жени, деца и младинци, стари лица, лица на кои им е потреба поголема поддршка, слепи-глуви лица, лица со психосоцијални, интелектуални, когнитивни и комбинирани попречености, бездомници, етнички малцинства и бегалци со попреченост, кои не се во можност да учествуваат на еднаква основа со другите во сите аспекти од животот;

Размислувајќи дека нееднаквоста, невработеноста, сиромаштијата, исклученоста, бездомништвото, нееднаквостите, стигматизацијатата и дискриминацијата остануваат на неприфатливи нивоа и се уште растат низ цела Европа;

Потсетувајќи дека лицата со попреченост и нивните семејства се соочувале со драстични намалувања во социјалните сервисни служби и бенефициите, што води кон враќање во сегрегирачки институции, каде лицата со попреченост често пати се лишени од нивната слобода и деловна способност;

Потсетувајќи дека Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост е првиот меѓународен договор за човекови права ратификуван од ЕУ како регионална организација во 2011 година, дека таа Конвенција е камен-темелник за политичката агенда за попреченоста на сите нивоа во ЕУ и нејзините држави членки, кои имаат обврска да ја имплементираат;

Потсетувајќи на уникатната улога која ја имаат Европските структурни и инвестициски фондови, меѓу останатите ЕУ инструменти, за обезбедување на еднакви можности и недискриминација за лицата со попреченост како европски граѓани со целосни права;

Прифаќајќи ја брзата еволуција на комуникациските и информациските технологии кои, ако се пристапни, можат да придонесат за поддршка на самостојното живеење на лицата со попреченост и нивно активно учество во се повеќе дигитализирано и поврзано општество;

Потсетувајќи дека лицата со попреченост се вклучени во центарот на 2030 Агендата за одржлив развој – која ветува дека нема никој да остави зад себе, со 17 инклузивни одржливи развојни цели кои треба да се имплементираат, следат и постигнат до 2030 година;

Потсетувајќи на важноста од надворешните активности на ЕУ и потребата да се обезбеди дека лицата со попреченост се целосно вклучени во редовните текови на ЕУ стратегиите, програмите и политиките за имплементирање на 2030 Агендата за одржлив развој;

## По повод 20-годишнината на Европскиот форум за попреченост

Нагласувајќи ја обврската на ЕДФ да продолжи со ангажманите за силна и обединета ЕУ за и со сите свои граѓани.

**Нашата визија за иднината**

Ние, делегатите на Генералното собрание на ЕДФ, кои се состанавме во Мадрид на 13 мај 2017 година, ја споделуваме заедничката визија за силна, инклузивна и пристапна Европа;

Бидејќи Конвенцијата на ОН претставува вистинска можност и предизвик за ЕУ институциите, владите на државите членки и граѓанското општество да ги изменат своите политики и практики;

Бидејќи целта на Конвенцијата на ОН е унапредување, заштита и обезбедување на целосното и еднакво уживање на сите човекови права и основни слободи на сите лица со попреченост, како и унапредување на почитувањето на нивното вродено достоинство;

Бидејќи ЕУ, државите членки, телата за мониторинг, организациите на лица со попреченост, граѓанското општество и другите актери треба да се водат според општите начела на Конвенцијата во нивната имплементација и мониторинг:

- Почитување за вроденото достоинство, автономија, вклучувајчи ја слободата за носење сопствени избори и самостојноста на лицата;
- Не-дискриминација со посебен нагласок на разумно прилагодување; целосно и ефективно учество и инклузија во општеството;
- Почит за разликите и прифаќање на лицата со попреченост како дел од човековата разноличност и човештво;
- Еднаквост на можностите и правата на жените и девојките со попреченост; пристапност следејќи го пристапот на Универзалниот дизајн;
- Рамноправност меѓу мажите и жените;
- Почит за развојните капацитети на децата со попреченост и почит за правото за зачувување на својот идентитет;
- Промоција на инклузивно образование, инклузивно вработување и доживотно учење.

Бидејќи сите преземени акции за имплементирање на Конвенцијата на ОН ќе бидат од корист не само за лицата со попреченост туку и за општеството во целина;



Бидејќи извештајот на ЕУ беше разгледуван од Комитетот на ОН за правата на лица со попреченост и доби збир од препораки во 2015 година (заклучни согледувања), кои се ефективен инструмент за имплементација на Конвенцијата на ОН и за целите од 2030 Агендата за одржлив развој.

**Европа која ние ја сакаме**

Ги повикуваме европските лидери да го ревитализираат европскиот проект кој се стреми да им гарантира на сите поединци иднина заснована на демократија и слобода, човекови права и еднаквост, автономија и слобода на избор, социјална правда, човечко достоинство, солидарност, инклузија и учество на сите лица со попреченост во општеството, мир и срединска одржливост;

Ја повикуваме ЕУ целосна да ја имплементира Конвенцијата на ОН и да усвои сеопфатна стратегија за истата да стане водечка сила за новата Агенда за правата во областа на попреченоста 2020-2030;

Ја повикуваме ЕУ да преземе водечка улога во поддршката на државите членки за имплементирање на Конвенцијата на ОН преку поставување пример и целосна примена на одредбите на Конвенцијата во своите системи и апарати;

Ја повикуваме ЕУ да ги вклучи во редовните текови одредбите на Конвенцијата на ОН во сите нови и ревидирани законски инструменти, особени при усвојување на релевантни хоризонтални и закони специфични за попреченоста;

Ги повикуваме ЕУ и државите членки кои се уште го немаат сторено тоа, во најбрзо време да го ратификуваат Факултативниот протокол на Конвенцијата на ОН кој содржи процедури за зајакнување на заштитата на правата дадени во Конвенцијата на ОН за сите поединци со попреченост во Европа;

Ја повикуваме ЕУ да ја прогласи 2021 година за Европска година на правата на лицата со попреченост за да се одбележи 10-годишнината од ратификувањето на Конвенцијата на ОН од страна на ЕУ;

Ги повикуваме ЕУ и државите членки да обезбедат дека правата на жените и девојките со попреченост се земаат предвид во сите законски и административни мерки за родова еднаквост, женски права и имплементација на Конвенцијата на ОН и да ја ратификуваат Конвенцијата на Советот на Европа за превенција и борба против насилство врз жените и домашно насилство;

Ја повикуваме ЕУ брзо да го ратификува Договорот од Маракеш за да го олесни пристапот до публикувани дела за лица кои се слепи, со визуелни оштетувања, а со тоа да стави крај на „гладта" за книги со кој се соочуваат овие лица;

Ги повикуваме ЕУ и државите членки да обезбедат дека финансирањето на национални, регионални и локални организации на лица со попреченост, вклучително и оние кои ги претставуваат децата, жените и лицата со попреченост и интензивни

# По повод 20-годишнината на Европскиот форум за попреченост

потреби за поддршка, е вградено во соодветните закони и регулативи во согласност со обврските наведени во членовите 4.3 и 33.3 од Конвенцијата на ОН;

Ги повикуваме ЕУ и државите членки да го поттикнуваат формирањето на национални, регионални и локални организации на лица со попреченост во поглед на поврзување, промовирање и претставување на нивните интереси;

Ги повикуваме ЕУ и државите членки да назначат или да формираат централни точки и релевантни механизми за координација за имплементација на Конвенцијата на ОН во сите институции на ЕУ и во владите и администрацијата на државите членки, согласно член 33.1 од Конвенцијата на ОН и да ги вклучуваат во редовните текови правата поврзани со попреченоста во сите области од политиките со особен фокус на групи кои се соочуваат со повеќекратна дискриминација;

Ги повикуваме ЕУ и државите членки да воспоста-ват робустен, независен и добро обезбеден механизам за мониторинг кој во целост ќе ги вклучи лицата со попреченост и нивните организации во согласност со членовите 33.2 и 33.3 од Конвенцијата на ОН;

Ги повикуваме ЕУ и државите членки да воспостават и да развијат национални програми за обука на експерти со попреченост со цел да се искористат нивните искуства и експертизи во сите полиња, а особено во зајакнување, пристапност, инклузивно образование и доживотно учење, инклузивно вработување, деловна способност, пристап до правда и здравствена грижа, домување и транспорт;

Го повикуваме Советот на ЕУ да стави крај на блокадата на Директивата за еднаков третман од 2008 година и ја повикуваме ЕУ брзо да го усвои овој закон со кој се забранува дискриминација заснована на религија, уверување, попреченост, возраст или сексуална ориентација во сите аспекти во животот, вклучувајќи повеќекратна дискриминација и дискриминација преку здружување;

Ја повикуваме Европската комисија да обезбеди дека Конвенцијата на ОН е целосно интегрирана во финалниот текст и сите иницијативни и понатамошни следења на Европскиот столб за социјални права;

Пристапот до социјални и во местото на живеење сервисни служби, развиени во соработка со лица со попреченост и нивни организации треба да стане клучен дел од Препораките за секоја земја во рамки на Европскиот семестар за да се гарантира постигнувањето на целите од Европа 2020;

Ја повикуваме ЕУ да преземе водечка улога во постигнувањето на 2030 Агендата за одржлив развој, со јасна мапа и регионални одржливи развојни цели кои ги вклучуваат лицата со попреченост;

Ја повикуваме ЕУ да се усогласи со одржливите развојни цели со јасни показатели кои ги вклучуваат сите и да дава поддршка на разделување на податоците според видови на попреченост;

Ги повикуваме Европскиот парламент и Советот да усвојат цврст и амбициозен Европски Акт за пристапност, со широк спектар на обезбедени продукти



и сервисни служби, со цел да се постигне вистинска разлика во секојдневниот живот на 80 милиони Европејци со попреченост;

Ги повикуваме институциите на ЕУ и државите членки да ги имплементираат и усвојат потребните политики за да се обезбеди дека актуелните и идните развитоци во технологијата нема да остават никој назад и дека се наменети за сите, со цел за лицата со попреченост да можат да уживаат во нив на еднаква основа како и другите, и да ги користат за поддршка на нивното самостојно живеење и целосно учество во сите аспекти од животот;

Ги повикуваме ЕУ и државите членки да обезбедат дека сите лица со попреченост, вклучително и оние кои имаат старателство, да бидат во можност да го практикуваат своето право на глас и да бидат гласани, вклучувајќи и обезбедување на пристапни комуникации и објекти;

Ги повикуваме ЕУ и државите членки да го признаат културниот и јазичниот идентитет кој се однесува на лицата со попреченост, вклучувајќи го знаковиот говор и културата на глувите лица;

Ги повикуваме ЕУ и државите членки да овозможат секое лице со попреченост да има право на инклузивно образование со обезбедување на потребната поддршка, инклузивно работно место и пристап до минимален праг на социјална заштита со цел да се оспособи секое лице со попреченост да има адекватен стандард на живеење;

Ги повикуваме ЕУ и државите членки да ги прифатат бегалците, и да работат со нив за да се стави крај на вооружените конфликти кои ги истеруваат од нивните домови и да ги оставаат лицата со попреченост неспособни да избегаат и во позиција на постојана несигурност.



## Активности на УНДП - Проект за услуги за лица со попреченост

# Обука за работно – ориентирана рехабилитација на лица со попреченост

Во периодот од декември 2016 година до јуни 2017 година во организација на УНДП, а поддржано од Амбасадата на Австрија во Р.Македонија, Министерството за социјална работа и заштита на потрошувачите од Австрија и Министерството за труд и социјална политика на Р.Македонија беше одржана обука на тема “Работно – ориентирана рехабилитација”. Обуката како главен предавач и обучувач ја водеше г-ѓа Ингрид Палмер, професионалец од BBRZ организацијата од градот Линц, Австрија, придружувана со тим од колеги при истоимената организација. На обуката учество зедоа Гацовска Маја, психолог и дел од тимот на РЦПЛИП – ПОРАКА и Боризовски Виктор, дефектолог во дневниот центар на ЦПЛИП – ПОРАКА Скопје. На обуката учествуваа и претставници од разни стручни профили: педагози, социјални работници, дефектолози, психолози од невладини организации, посебни училишта и заводи за рехабилитација од Р.Македонија.

**Теоретскиот дел на обуката** се состоеше од три обуки од по три работни дена распоредени во месеците декември 2016 година, јануари и февруари 2017 година. За време на теоретскиот дел беше презентирано функционирањето на BBRZ организацијата од Австрија која претставува најголем давател на образовни и социјални услуги во Австрија. Мисијата и задачата на групацијата е да поддржи, потпомогне и придружува лица на работоспособна возраст во однос на развој и користње на нивните професионални и општествени можности.

Целта на професионалната рехабилитација е на лицето кое треба да се рехабилитира да му биде повторно воспоставен таков степен на работоспособност, што ќе го стави во позиција да заземе место во професионалниот и економскиот живот соодветно за него од што е можно потрајна природа. Притоа се тргнува од функционалното здравје и можности на единката според Меѓународната Класификација на Функционалноста. Моделот на рехабилитација се применува како био–психо–социјален модел базиран на Gerdes und Weis 2000 моделот. Рехабилитацијата претставува процес на совладување со цел подобрување односно повторно овозможување на учество. Тоа значи процес на совладување во конкретниот културен и социјален контекст на нормалното водење на животот во приватната, професионалната и општествената сфера. За професионалната рехабилитација учеството во работниот свет и влезот на работа е главна цел, меѓутоа ова може да биде постигнато само ако можат да бидат интегрирани сите фактори соодветно во процесот на совладување.

Управувањето со односите со клиентите (УОК) или Customer Relationship Management (CRM) има за цел долгорочно и суштинско подобрување на односите меѓу претпријатијата и клиентите. Процесите не се ориентирани кон производи, туку се насочени кон потребите на клиентите. Во фокусот секогаш остануваат задоволството и задржувањето на клиентите.



**Практичниот дел на обуката и пилотирање во Заводот за рехабилитација Бања Банско во Струмица,** беше распределен во 5 работни недели од по 5 дена во периодот март - јуни 2017 година. Во овој период дел од стручните лица опфатени во оваа обука имаа и студиска посета на Виена, Австрија каде можеа одблиску да се запознаат меѓу другото и со функционирањето на ББРЗ организацијата.

Во овој дел се вклучени 20-тина корисници од Заводот за рехабилитација, претходно утврдени од страна на вработените лица во Заводот за рехабилитација и тимот на УНДП. Сите корисници се над 18 години, со различно ниво на интелектуални и физички способности и можности, во различна психолошка и емоционална состојба. Корисниците се поделени во две големи групи на работа во кои се опфатени по 10-тина корисника заедно со 5-мина професионалци и плус тројца вработени од Заводот за рехабилитација. Потоа беше извршена поделба на корисниците и секој професионалец добива по 2 - 3 корисника за кои е одговорен и за кои треба да биде менаџер на случај (Case Menager). Се реализираа социјално - професионални анамнези за секој од корисниците, како и психолошки и работно ориентациони тестови за секој од корисниците. Во текот на целото пилотирање беа реализирани и работилници со практични активности: одржување на хигиена, засадување на цвеќе, работа во кујна, шиење итн. Се организираа и посети на фирми во кои би можеле дел од корисниците да реализираат различни видови практииканство, посета на средно – стручно училиште кое би можело да дава некој вид на обука, како и социјални активности. Се водеа индивидуални и групни разговори со корисниците со цел добивање на фидбек од страна на самите корисници. Во попладневните часови се водеа дискусии помеѓу стручните лица со цел усогласување на активностите кои би следувале и формирање на документи кои би се користеле во понатамошната работа.

На крај беше изготвен и образецот за финалниот извештај, кој секој професионалец треба да го изготви и во кореспонденција со вработените од Заводот за рехабилитација да го достави до корисниците.

# Активности на сервисните служби и локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

## Нови пријателства



Група ентузијасти од Америка на сопствена иницијатива изразија желба за соработка со ЦПЛИП - ПОРАКА Скопје. Џеф и Ејми поддржани со своите пријатели Шелби, Керол и Алексис на 22. 06.2017 година реализираа креативна работилница со корисниците на дневните центри - ПОРАКА Скопје.

На оваа работилница беа изработувани роденденски картички и цветови од хартија, а потоа беа изведени неколку интерактивни музички нумери. На барање на гостите од Америка беше изведено и едно македонско оро за подобро запознавање со македонската култура и обичаи.

## "Вечер на таленти"



Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија поддржан од Британската амбасада во Македонија во рамките на проектот "Поддршка од граѓанското општество кон политиките за социјална кохезија и различностите" организираа "Вечер на таленти".

Со почеток во 19 часот во Јавна соба корисниците од двата дневни центри на ЦПЛИП - ПОРАКА Скопје имаа можност да ги видат талентите на неколку млади луѓе со интелектуална и физичка попреченост кои за присутните читаа поезија, изработуваа накит, сликаа и имаа неколку музички изведби. За време на настанот беше промовирано и видео од две студентки од Институтот за дефектологија кое ги прикажува талентите и постигнувањата на неколку студенти со различна попреченост преку нивното вклучување во спортскиот општествениот и културниот живот.

## Работилница со Еврејска заедница



Корисниците од дневните центри на ЦПЛИП ПОРАКА Скопје на 28.06.2017 година ја посетија Еврејската заедница на Република Македонија. Со цел запознавање со еврејската култура како една од петте верски заедници во Македонија беше организирана заедничка работилница на која беше изработена карактеристичната Давидова ѕвезда.

Госпоѓа Ана Суботиќ и госпоѓа Лаура Ѓуриќ со својата креатиност и умешност на лесен и разбирлив начин ја доближија еврејската култура и традиција до нашите корисници. Во рамките на оваа посета корисниците имаа можност да ја посетат и Синагогата, а во блиска иднина е планирана посета на Музејот на холохаустот.

## Посета на манастирот Пеленица



Со почетокот на летото започнуваат и активностите во природа. На 15.06.2017 година корисниците на дневните центри на ПОРАКА Скопје го посетија Манастирот Преполовение "Руса среда" Пеленица. Под падините на Китка во манастирскиот двор корисниците поминаа пријатни мигови на одмор и рекреација.

# Активности на сервисните служби и локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

## Активности на ЦПЛИП - ПОРАКА Штип

Активностите на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип, како и на социјалниот клуб, во месец април беа во најголема мера насочени кон велигденските празници. Се реализираа неколку работилници за изработки на велигденски украси. Една од работилниците се реализираше во соработка со здружението ЦИВИТАС, а друга во соработка со здружението на пензионери од Штип. По повод Денот на здравството др.Никола Димков, соработник на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип, организираше и спроведе квиз натпревар на теми од здравството. Во текот на месец април се реализираа и посета на мостот и фонтаната на МАК ФЕСТ и посета на ЗОО Штип. Во текот на месец мај во рамките на програмските активности на





Социјалниот клуб на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип се реализираа низа активности и работилници на кои корисниците ги изразуваа своите уметнички способности. Во соработка со ученици од ликовната секција при ООУ „Тошо Арсов" и нивниот ментор Емил Канаваров се спроведе едукативна работилница за работа со глина и боење на глина. Корисниците на социјалниот клуб присуствуваа на претставата „Европејци" на покана на Домот на културата – Штип. Во текот на месец мај, ЦПЛИП – ПОРАКА Штип спроведе и посета на црквата „Св. Петнаесет тивериополски маченици" во Струмица, манастирите во селата Вељуса и Водоча, струмичко и Колешинските водопади.





## Активности на ЦПЛИП - ПОРАКА Кавадраци

Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Кавадарци ја реализираше предвидената посета на црквата Свети Троица во Радовиш и манастирот Свети Великомаченик Ѓорѓи во с.Ораовица на 21 мај 2017 година. Лицата со интелектуална попреченост и другите членови на организацијата имаа можност да ги разгледаат и да се прошетаат во овие верски објекти. Воодушевени од убавината на црквата и манастирот, поставуваа многу прашања, на кои ангажираните лица несебично одговараа.

Средствата за оваа рекреативна активност се добиени од секторот за локален економски развој при општина Кавадарци.

## Активности на сервисните служби и локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Активности на ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица

ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица активно е вклучена во реализација на проектот „Инклузивна – супер ефективна училница" кој го реализира здружението за образовно-едукативни цели DM Languages. Фокусот на проектот е на инклузијата на децата со посебни потреби во редовната настава но, и на едукација на оние деца со попреченост кои од било кои причини не се вклучени во редовната настава. На 30-ти мај 2017 година се реализираше едукативна работилница за корисниците на социјалниот клуб на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица. Работилницата со назив „Час по англиски јазик" беше со мото "Сите деца можат да учат" - но секое на различен начин. Со соодветен пристап и методи, резултати секако можат да се постигнат. Предавачите на Здружението "ДМ Ленгуиџес " беа одлично прифатени од децата кои покажаа огромна желба и интерес за наставните содржини.



Манастирот Св. Гаврил Лесновски е еден од најзначајните и најубавите средновековни и сакрални споменици на културата, не само во Република Македонија туку и пошироко. На 11.06.2017 членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица го посетија Лесновскиот манастир во с. Лесново, Пробиштипско. Оваа посета беше дел од рекреативните активности на членовите кои имаат за цел приближување на културата и културните богатства до лицата со интелектуална попреченост. Еднодневната екскурзија беше овозможена благодарение на дел од донациите и собраните средства од продажбата на новогодишно-божиќните честитки изработени од лицата со интелектуална попреченост во Социјалниот клуб на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица.





ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица започна со реализација на проект финансиран од Општина Струмица со наслов: „Учиме да готвиме и стекнуваме здрави животни навики".

Главната цел на проектот е развој на вештини кај лицата со интелектуална попреченост за оформување здрави животни навики, преку стекнување знаења и вештини за подготовка на храна, вештини за организација, договарање, поделба на задачи и координација. Една од спроведените активности беше и посета на посев со зеленчук преку која лицата со интелектуална попреченост се запознаа на едноставен начин како се одгледува зеленчук, како истиот се обработува, складира итн. Беа дел и од берба на зеленчук кој ќе ни послужи за подготовка на салати на идните работилници.

Здружението за едукација и развој на лица со пречки во развојот „Еднаквост" - Струмица го реализира проектот „Креативна акција за културна мобилизација" кој е дел од проектот „Граѓанско учество за локална демократија". Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост ПОРАКА - Струмица потпиша меморандум за соработка и се вклучи во овој проект. Членовите на ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица ќе учествуваат во низа работилници кои се предвидени во рамки на овој проект. Една од нив е веќе реализирана. Во рамки на таа работилница членовите на социјалниот клуб на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица учествуваа во изработка и шиење на народна носија.

## Активности на сервисните служби и локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Активности на ЦПЛИП - ПОРАКА Прилеп

Социјалниот клуб на ЦПЛИП – ПОРАКА Прилеп продолжува со редовно реализирање на предвидените програмски активности. Во месец април корисниците на социјалниот клуб имаа низа посветени на велигденските празници и изработуваа различни декоративни предмети. Редовно се реализираа практичните, когнитивните и социјалните активности. Социјалниот клуб на ЦПЛИП – ПОРАКА Прилеп организираше и спроведе заедничка работилница со ученици од средното медицинско која имаше за цел запознавање со прва помош при најразлични повреди. Воедно редовно продолжуваа и





спортско-рекреативните активности со инструктор по фитнес и зумба.

Во рамки на окупационите работилници, корисниците работеа со глина и тесто и изработуваа разновидни украсни фигури, а од хартија изработуваа сообраќајни знаци откако имаа и разговори за сообраќајот и безбедноста при движење во сообраќајот. Во текот на месец мај се реализираа повеќе социјални активности. Беа организирани и спроведени посети на црквата „Св.Благовештение" и железничката станица во Прилеп, а учествуваа и на јавна трибина за социјална инклузија на сите деца со посебни потреби реализирана во градската библиотека „Борка Талески".

# Активности на ЦПЛИП - ПОРАКА Битола

Социјалниот клуб на ЦПЛИП – ПОРАКА Битола во изминативе месеци редовно ги спроведува програмските активности. Во текот на месец април организираше неколку работилници поврзани со велигденските празници на кои корисниците изработуваа велигденски украси и вапцаа велигденски јајца. Во месец април, ЦПЛИП – ПОРАКА Битола се вклучи и во одбележување на Денот на Планетата Земја со садење садници. Во текот на месец мај корисниците на социјалниот клуб на ЦПЛИП – ПОРАКА Битола изработуваа навлаки кои ги везеа со традиционални македонски мотиви, и изработуваа украси од глина кои исто така имаа традиционални мотиви.

Дел од членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Битола ја посетија изложбата на фотографии насловена „Кога сонцето заоѓа" на Коста Ќука, лице со даунов синдром.

Во битолската библиотека на 25.05 2017 во 11 часот се одржа завршниот настана на проектот „Ние сме љубов". Истиот е литературен, музички и танцов перформанс во организација на Националната установа Универзитетска Библиотека "Св. Климент Охридски" - Битола за деца и млади со попреченост, учесници од Центарот за подршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Битола, деца од Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух, говор и глас и други проблеми во развојот "Кочо



Рацин" - Битола, лица со даунов синдром, а се реализираше во соработка со деца кои се членови на модерниот балет во „Анастасија Центар". Овој перформанс има за цел да ги обедини сите деца и млади преку уметничките изразни средства. Одбрана е темата „Љубов" како основна нишка на постоењето која ги изразува и испреплетува сите човечки битија. Задолжена за целата кореографија и музика во проектот е Стефанија Милевска.

# Наша Страница

## Кулинарска работилница со познатиот готвач Марк Де Јонг

Една од програмските активности во социјалните сервисни служби - дневни центри на РЦПЛИП - ПОРАКА е обука на корисниците за подготвување на оброци, со цел нивна поголема самостојност во секојдневниот живот. Токму во таа насока, а по повод Велигденските празници, во дневниот центар - ПОРАКА Скопје во Капиштец беше организирана кулинарска работилница на која учествуваа корисниците од двата дневни центри - ПОРАКА Скопје. На наше големо задоволство, познатиот готвач Марк Де Јонг ја прифати поканата да ја води кулинарската работилница.





Работилницата протече во одлична атмосфера, со многу смеа, дружење, но и работа во кујна при подготовката на специјалитети на Марк. Корисниците во улога на асистенти, но и ангажираните лица во дневните центри имаа можност да научат неколку “мали” тајни на големиот готвач. Со надеж дека оваа соработка ќе продолжи во иднина, упатуваме голема благодарност до Марк за убаво поминатиот ден.





ISSN 0350-5863